**ПРЕКУ ПРОЕКТОТ „НАУКАТА И ЈАС“ НА ЏОНСОН МЕТИ Е ОБНОВЕНА СТУДЕНТСКАТА ЛАБОРАТОРИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ХЕМИЈА**

Со завршување на проектот од програмата „Science and me“ на Johnson Matthey London, координиран од проф. д-р Миха Буклески и СХТМ, завршена е обновата на лабораторијата за подготовка на талентирани ученици и студенти од Институтот за хемија.

Завршувањето на проектот и отворањето на лабораторијата беше одбележано на 8 јуни 2023 година во Институтот за хемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје заедно со претставници од Џонсон Мети, Скопје. На отворањето се обрати деканот на Природно-математичкиот факултет, проф. д-р Александар Скепаровски, како и раководителот на секцијата за образование при СХТМ, проф. д-р Марина Стефова. Тие ја потенцира важноста на овој вид проекти и изразија подготвеност и за идна соработка. Ентузијазмот и добро завршената работа беше препознаена од страна на претставниците на Џонсон Мети од Скопје, така што директорот г-дин Боријан Борозанов укажа на можностите за соработка преку поддршка и вклучување на студентите во различни програми за практиканство на Џонсон Мети. На настанот присуствуваше и директорот за глобално производство на „Clean Air“ – Мауриц Виларт (Maurits Willaert) кој ја нагласи заложбата и посветеноста на JM за подобрување на условите за студии на младите и ја истакна потребата од блиска соработка меѓу компаниите и високообразовните институции.

Со модернизирањето на лабораторијата се подобрени условите за работа со примена на потребните безбедносни системи за заштита и превенција од незгоди. По 55 години, ова е прва студентска лабораторија во која е направена модернизација со замена на работните површини со современ материјал, обновување на водоводната инсталација, интервенција во електричната инсталација итн.

Во реализирањето на обновата на лабораторијата несебично помогна и Природно-математичкиот факултет, Институтот за хемија, а СХТМ ги обезбеди потребниот инвентар, опремата и материјалот за работа, преку помошта добиена од повеќе компании и институции.






Проф. д-р Миха Буклески
Институт за хемија, ПМФ
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Скопје, Македонија
mihabukleski@yahoo.com